## 13.8.2. Нашинци

Од 1936 година датира драмата во стихови "Нашинци". Се претпоставува дека Марковски бил инспириран од успехот на битовата драма од Антон Панов со наслов "Печалбари". Драмата била предложена и за изведба но од управата на Кралскиот народен театар во Скопје била одбиена поради јасната политичка и национална ориентација на Марковски.

Драмата е со социјална тематика која ги опфаќа "најновите форми на народните борби во Македонија".[72] Бидејќи се однесува за битова драма претпоставувам дека темата на таканаречените "нови борби" во Македонија се сиромаштијата, искористувањето на бедниот работник, емиграцијата за печалба, влијанието на Комунистичката Партија, новите идеологии, прогонувањето и други.

Драмата била пренесена во Бугарија и била читана на едно од заседанијата на Македонскиот литературен кружок во Софија. Блаже Ристовски претпоставува дека се однесува за временскиот период од пред 1938 година се до издавањето на стихозбирката "Огинот" и појавувањето на нејзината рецензија[73] од Тодор Павлов. Во оваа рецензија посветува нешто поголемо внимание и на оваа драма, поточно на страна број 24, каде што пишува: "Интересно, е че Вянко Марковски вече е написалъ и цяла драма въ стихове "Нашинци", съ сюжети, идеи, типове и събития изъ най-съвремения политически животъ на родината си". Понатаму читајќи ги следните редови дознаваме нешто повеќе за темата на драмата, дека се работи за драма која е ситуирана во "денешни денови"[74] и е во тесна врска со последните избори (во оригиналниот текст пишува законодателни избори). Но на крај не изненадува критичкиот постој на Тодор Павлов кон оваа драма за која пишува дека е "художествено слаба работа" и понатаму продолжува "драмата му има дидактически, риторически и грубо-

---

[72] Блаже Ристовски, "Портрети и процеси 2", 1989, Култура, Скопје, стр. 433.
[73] Тодоръ Павловъ, "Поезията на Вянко Марковски", 1938, Софија.
[74] Тодоръ Павловъ, "Поезията на Вянко Марковски", 1938, Софија.

тенденциозенъ характеръ, действието тече мудно, недостатъчно естетствено и пр."[75] Во продолжение на рецензијата Тодор Павлов препорачува на младиот поет Венко Марковски да се оддалечи од темите на "новите борби" и да продолжи да црпи од македонската народна поезија и македонската историја.

Драмата не била издадена и ракописот бил конфискуван при апсењето на Тодор Павлов во 1941 година од "страна на фашистичката власт" и била однесена во полиција. Бидејќи самиот Венко Марковски во писмо адресирано до Бугарското министерство за наука и култура пишува дека од ова дело нема препис, се до 1976 година научниците мислат дека драмата е засекогаш изгубена. Но, во 1976 година Кирил Гочков предал некои ракописи од Венко Марковски на Блаже Ристовски меѓу кои се наоѓале и "6 долги непагинирани листови (испишани со мастило од едната, а два листа и од двете страни) со стихови од драмски текст, без наслов, без почеток и без крај".[76] Се претпоставува дека се работи за концептот на споменатата драма во стихови.

Бидејќи неможев да дојдам до оригиналите на концептот на оваа драма ниту до нивна копија, за илустрација ќе се послужам со делот цитиран во книгата на Блаже Ристовски, Портрети и процеси, на страна број 434. Блаже Ристовски во своето дело го наведува делот од говорот на Огне, еден од ликовите во драмата "Нашинци".

*Слушате ли?Го има ли ова некаде!*
*зар може ова да се издржи,*
*зар може преку ова да се помине!*
*Освестете се! Самите најарно ни кажујат*
*што значи да сме сите собрани!*
*Знаете ли што значи ова смеење -*
*знаете ли што се крие зад овова смеење -*
*ништо друго - само нашите гробови -*
*зар има от овова нешто потешко -*
*Пред тебе се смејат, а зад тебе гроб ти копа´ат*
*Бракја разбудете се! Немујте да им веруете!*
*Се што ке ви дадат - низ нос ке ви го извадат!*
*От нивна чешма вода ако се напиеш, -*

---

[75] Тодоръ Павловъ, "Поезията на Вянко Марковски", 1938, Софија.
[76] Блаже Ристовски, "Портрети и процеси 2", 1989, Култура, Скопје, стр. 433.

*от девет години после ке те подуе! -*
*Ако ти дадат една маслинка -*
*Еден меф зејтин ке ти посакаат; -*
*Ако ви дадат пет гроша -*
*додека сте живи ке плакјате -*
*и после смрта борчлии ке бидете -*
*Требе ли со ваквија да имаме работа!*

## 13.9. Романи во стихови

Венко Марковски своето поетско мајсторство се обидел да го пренесе и во романот. Пишувал и романи во стихови, а тие се: "Климе", "Прагот" и "Тома Горин".

Романот "Климе" е издаден 1945 година во Скопје. Во истата година во "НОВ-ден"е издаден романот "Прагот" а на 5.3.1945 година го довршил романот "Тома Горин".

Во овој дел ќе обрнам посебно внимание на романот "Тома Горин" бидејќи според прочитаните информации и одломки од текстот мислам дека овој роман е специфичен за романите на Венко Марковски бидејќи авторот се обидува да внесе нешто ново и модерно во темата на романот.

### 13.9.1. Тома Горин

Ова дело на Венко Марковски долго време се сметаше за изгубено. Освен тоа дека можеме да користиме нецелосни одломки, за кои претпоставувам дека се скицата (основата) за целиот роман, делото како целост не ни е познато. За ова дело можеме да црпиме податоци и од цело едно поглавје од книгата "Решки и шарки по ѕидовите на времето" на Гане Тодоровски, но исто така и од неколкуте страни на ракопис и машинопис кои се наоѓаат во оставнината на Венко Марковски во Државниот архив на Република Македонија.

Се работи за роман во стихови кој е составен од 5555 стиха. Читањето пред Друштвото на писателите се одржало на 06.04.1948 година

и траело 4 часа. Салата каде се одржувале состаноците на Друштвото на писателите било преполно и сите со голема концентрација го следеле читањето. Поради предолгото читање и недостиг на концентрациал кај слушателите дискусијата била оставена за следниот ден.

Учесници во дискусијата биле Блаже Конески, Борис Бојаџиски, Иван Точко и други.

Од приознесените белешки, кои се запишани во гореспоменатото поглавје, можеме да извлечеме дека критичарите на Венко Марковски и неговото дело му ја замеруваат неговата поврзаност со минатото, неговата заљуба во мегаломанството, во тешките стихови.

Но, ако подетално ги разгледаме забелешките на Гане Тодоровски, можеме да забележиме дека овој роман сепак имал нешто иноваторско и свежо.

"Не се знае кога се случуваат настаните, во кое време, (...) Се збори за Маврово и за англо-американски империјализам!Тома Горин наеднаш станува голем човек! (...) Поетот си поставил за основна идеја во романот извесна филозофска система - прашањето за среќата на човекот, и ни дава одговор дека науката ќе напредне до таму што смртта ќе биде победена. Ваквиот приод е спротиставен на марксистичкиот дијалектички поглед на светот."[77]

Поради која причина било ова дело сосема "уништено" од страна на критичарите - учесниците во дискусијата, особено од страна на Блаже Конески, исто така не е познато.

"Саботата на 6-ти април се очекуваше нестрпливо од страна на сите членови на ДПМ и зошто од страна на сите оние што го посетуваа Друштвото и фигурираа како писатели! Заинтересирани беа и други културни дејатели на Скопје-љубители на поезијата, луѓе што се интересираа за Венко Марковски и коишто го ценеа поетот."[78]

[77] Гане Тодоровски, "Решки и шарки по ѕидовите на времето", Матица Македонска, 2001, Скопје, стр 98-117.
[78] Гане Тодоровски, "Решки и шарки по ѕидовите на времето", Матица Македонска, 2001, Скопје, стр 98-117.

Се претпоставува дека се работи за политички мотив со цел да се намали авторитетот на Венко Марковски кој сеуште е силен и кај поновата генерација на млади поети. Да не било така, како може да се објасни преполната сала во друштвото на писателите, имало трипати повеќе присутни отколку вообичаено, дека во денот на дискусијата веке еден час пред започнувањето салата била полна и истите што биле претходниот ден биле таму.

Дали тоа значи дека поезијата на Венко Марковски сеуште имала некаква "волшебна моќ" и љубителите на поезијата знаеле да ја оценат за разлика од врвушката која во него гледа "сталинистички идолопоклоник" и човек неудобен за тогашната политика во Југославија.

.....................................................

По деталното проучување на целокупниот материјал што го имам собрано за Венко Марковски, дојдов до заклучок дека во повеќето од него се застапени екстремни ставови (или позитивни или негативни), а многу малку од нив се објективни.

Да се почне со позитивното.

Позитивното кај Венко Марковски се согледува во неговиот придонес за македонската литература, пред се со издавањето на неговите први две стихозбирки "Народни бигори" "Огинот" и за неговото учество во комисијата за кодифицирање на македонскиот јазик. Последното споменато е значајно за развојот на македонскиот јазик, на учеството на Венко Марковски во ова институција се припишува пробугарска конотација. Бидејќи се однесува за лингвистичка тема, сметав дека е потребно да се спомене но не да се навлезе подлабоко во оваа тема.

Стихозбирките "Народни бигори" и "Огинот" се издадени 1938 година што е една година пред збирката поезија на Кочо Рацин "Бели

мугри", но во свеста на широката јавност фигурира токму ова дело како основоположничко на македонската современа поезија.

Со децении се негирала вистината за почетокот на македонската современа поезија. Ако ја споредиме збирката на Кочо Рацин "Бели мугри" и збирката на Венко Марковски "Народни бигори" можеме да забележиме дека и двете се под влијание на фолклорот, мотивите ги преземаат од таму, но секоја од нив е посебна. Венко Марковски освен мотивите, исто така, се придржува и кон формата која е блиска до фолклорот, додека, пак, Кочо Рацин во истото вложува модерни елементи и до некој степен се приближува кон модерното.

Што се однесува за прифаќањето на овие два поети во јавноста, забележителен е спротивен развој во ситуацијата.

Венко Марковски е вреднуван повеќе на почетокот на својата кариера додека Кочо Рацин, поради политички причини, е игнориран. До пресврт доаѓа кога Кочо Рацих херојски погинува (деталите околу смртта на Кочо Рацин се уште не се разјаснети, можеби бил убиен по наредба од КПЈ) а Венко Марковски како симпатизер на Сталин и неговиот социјалистички режим станува непожелен во Југославија.

Втор битен факт за Венко Марковски и за неговиот понатамошен развој како карактер и како поет е неговата прерана слава.

Водечките личности на КПЈ и БКП го осеќаат лесниот плен во Венко Марковски и демнат над него префрлајќи си го еден на друг.

Уште при првите творби се восхитуваат на неговиот талент кој треба да се "употреби" за повисоки политички цели. Интензивната манипулација со Венко Марковски може да се насети по неговото доаѓање во Софија во 1937 година. Овозможено му е да студира, добива финансиска помош од државата и се здобива со чувство дека е потребен за општеството за разлика од Македонија од кадешто е прогонет поради своето политичко мислење и национална определеност. Подоцна се запознава со Тодор Павлов и познанството прераснува во протекторство.

Позитивната страна на ова познанство е дека неговите дела се печатат во Бугарија иако се на македонски јазик. Негативната страна на

сето тоа е што младиот Венко Марковски, на само 23 години е возвишен на највисокиот пиедестал и му се инфилтрира една конструкција на генијално момче кое е над сите останати.

А што може да се очекува од млад човек со се уште недооформен карактер? Славата го зашеметува и Венко Марковски станува се посилен. Присутен е секаде и во се сака да има главен збор.

Сето ова му се враќа како бумеранг со доаѓањето на поновата, помладата генерација писатели. Венко Марковски е соочен со нови идеи, нов ентузијазам, а младите автори пак сакаат што побрзо да се афирмираат и по можност да го заземат неговото место.

Сето тоа се случува многу полека. Може да се каже дека сме сведоци на едно "убиство" на поетот Марковски.

Како помошник на тоа ќе игра голема улога неговата политичка ориентација. Политичката ориентација кон сталинистичкото идолопоклонство се користи поетот да биде означен за непожелен. Но, ако накусо го разгледаме неговото политичко дејствување, ќе забележиме дека Венко Марковски од петнаесетгодишна возраст не скршнал од патот на марксизмот и социјализмот, што, во споредба со некои негови современици, за нив тоа неможе да се каже. Можам да кажам дека неговото "ортодоксно" политичко убедување е пример за неговата потполна доверба кон тогашната идеологија на пролетеријатот.

Како спротивно на тоа се одвива прашањето за неговата политичка припадност. Колебањето помеѓу Македонија и Бугарија ќе го етикетира како предавник.

Неговото јавно изјаснување дека е Бугарин ќе се случи 1955 година за време на судскиот процес за памфлетот "Сувремени парадокси", дело за кое се уште не му е докажана вината дека тој е авторот.

Кога сопствената држава ќе го отфрли, му суди за нешто што не му е докажано, можно е дека кај Венко Марковски се појавуваат чувства на фрустрираност, омаловаженост и непожелност во сопствената држава за која војувал.

Претрпува 6 години робија на Голи Оток, но и по враќањето дома се уште се чувствува заробеник. Неговата здравствена состојба се влошува и тој заминува за Софија каде што подоцна ќе му се придружат и останатите членови на неговото семејство.

По обновувањето на врските од минатото, Марковски стекнува добар статут во општеството и продолжува да твори но веќе на бугарски јазик и јавно почнува да го негира постоењето на македонската нација. Дали ваквите тврдења биле изнудени од Марковски или тоа било негово лично убедување битно е да се дознае и да се проучи. Мое мислење е дека кон објективното разрешување на ова прашање нема да се дојде во брзо време бидејќи таканаречената "кауза" за македонската нација е една отворена рана на Балканот.

Поезијата на Венко Марковски, во неговиот случај, е во втор план за разлика од веке споменатите политички мотиви.

На литературата, во случајот на Марковски, и се нанесува голема штета. Како што пишува Александар Алексиев, во македонсата литература има недостиг на континуитет, а делата на Марковски се една битна алка за да се поврзе минатото со иднината.

Сега на кратко да се ослободиме од сето политичко и да поминеме кон уметноста на перото.

Марковски е многу добар познавач на македонскиот фолклор. Тоа е маркантно во неговите првообјави. Склопување на мотиви, игра со зборови, игра со интонација, редење слики, сето тоа ја прави поезијата на Марковски привлечна за читателот. Од првите збирки се чувствува една интима со социјален подтекст. Но подоцна, во сонетните венци се чувствува личната интима на Марковски, особено во тие дела што се напишани додека бил интерниран во концлагерот.

Потоа е забележителен голем пресврт во неговото творештво. Навлегува во квантитетот. Но неговото мајсторство на поезијата никако не губи од вредноста. За да се склопи еден роман од 5555 стиха, со ликови, дејство, простор, слики, па за тоа треба голема уметност! Штета што

обемот на овие дела негативно влијае врз читателот кој може да се загуби во нивната големинаќ.

Венко Марковски е толку сигурен во себе и неговото владеење на поезијата што сака да ја користи за речиси секој жанр. Можеби би било подобро некои критики да ги согледа поконструктивно и по совет на други писатели да остане во кратката поезија.

Во творештвото на Марковски, исто така, има еден период кој е специфичен со прекумерното пишување на песни. Се работи за периодот на НОВ. Неговата способност да напише песна за било што е искористувана и злоупотребувана при разните маршеви, борбени песни и песни со пролетерска тема, кои се со цел да го поттикнат народот кон ослободувањето на земјата.

Венко Марковски е поет кој ја стави поезијата во служба на политичките цели за подоцна да му се врати сето тоа во негативна смисла.

Сепак, мислам дека е протребно Венко Марковски да се врати на своето место кое му "прилега" во македонската литература. Истакнувам, во македонската литература, бидејќи со ова сакам да ја одделам литературата од политиката. Неговата политичка дејност да ја оставиме на историчарите, творбата да ја оставиме на љубителите на поезијата, тие сами нека ја превреднат и нека оценат дали заслужува место во македонската литература.

## 14. Прилози

Прилог број 1

10

Българска Екзархия.



**Свидѣтелство за свето кръщение**

№ 10 Вр. 1007

Въ Петнадесетий день на Мартъ мѣсецъ отъ хилядо деветстотинъ петнадесета година роди се въ Скопие у Скопска Епархия отъ православни родители Миланъ Тошевъ и законната му съпруга Любица Миланова отроче отъ мѫжки полъ, което се кръсти отъ долуподписания свещенникъ Тодоръ Трайковъ въ прихода на църквата Св. Богородица и се именува въ светото кръщение Вениаминъ и възприе отъ свещенната купель отъ Трайко Зиковъ.

За увѣрение се дава настоящето свидѣтелство.

Скопие, 8. Ноемв. 1915 год.

Енорийски свещенникъ: Т. Трайковъ

Свидѣтелство за свето кръщение

Крштелно на Венко Марковски